РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2555/6
05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2555/1 од 23.07.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира дека по преземање на соодветни мерки и активности состојбите се надминати, поради што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Предметот со број 12-2555 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2555/1 од 23.07.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени наводи со сомневања за незаконитости и неправилности при исплатата на степен за кариера на тројца административни службеници во ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до Државен управен инспекторат при Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во Скопје - ДУИ, со барање да се изврши вонреден инспекциски надзор во Општина Делчево по однос на погоре изнесените наводи во пријавата. Воедно од Општина Делчево ДКСК побара да се доставаат податоци, информации и документација заради проверка на наводите од пријавата. Управниот инспекторат и Општина Делчево постапи по барањата на ДКСК за што достави Извештај со потребните податоци, информации и документација.

Со увид во доставената документација и Извештајот на ДУИ, ДКСК утврди дека наведените тројца административни службеници од пријавата, биле вработени на раководни места ///, по претходно спроведена постапка за унапредување, која започнала по објавени три засебни интерни огласи објавени на веб страниците на /// и на ///. Меѓутоа, при донесувањето на решенијата за определување на висина на плата на тие административни службеници, не се

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапило согласно со чл. 87 став 3 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14 ... 14/20) и на име дополнителни бодови за степен на кариера, незаконски им била утврдена и исплатувана повисока плата.

Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија за оваа состојба има издадено Мислење дека е незаконска, бидејќи со унапредувањето во повисок степен на звање, бодовите за кариера не се пренесуваат во повисокиот степен. За надминување на состојбата, тројцата административни службеници и /// потпишале три посебни спогодби за враќање на незаконски исплатениот износ по основ на бодови за кариера со период во кој вработените треба да ги вратат повеќе исплатените средства.

Од вака преземаните мерки и активности ДКСК констатира дека неправилностите се надминати, состојбата е променета поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**